**ЗАПИСНИК**
**од 31-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 21.02.2024 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 159/2
28.03. 2024 год.
ГРАДСКО

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 30-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Завршна сметка на Буџетот на општина Градско за 2023 година.
3. Предлог- Програма за измена на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2024 година.
4. Предлог- Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2024 година.
5. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници во ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.
6. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно техничкиот персонал во ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.
7. Предлог- Одлука за давање согласност на Статутот на ЈКП „Клепа“ Градско.
8. Разгледувања на барања и поднесоци
9. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

На седницата присуствуваше и градоначалникот на општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да се дополни со 1(една) точка и тоа:

1.Предлог- Одлука за утврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборните плакати без надоместок со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања-учесници во Претседателските и Парламентарните избори 2024 година.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 31-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 30-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 30-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 30-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 30-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Завршна сметка на Буџетот на општина Градско за 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Износите во завршната сметка на буџетот на општина Градско за 2023 година се всушност пресликани износи од кварталниот извештај за четвртиот квартал кој што го усвоивте на минатата седница. Вкупните приходи се остварени процентуално од 88,81%, а расходите 83,97%. Вкупните тековно оперативни приходи се реализирано 94,51% додека кај капиталните има помала реализација од 46,25%. Во однос на расходите тековно оперативните расходи

имаат реализација од 95,06 %, а капиталните расходи 55,72% дел е поради продажбата на земјиштето, имаме прекин на една постапка иако го очекувавме тој прилив и приходите од концесија на земјоделските површини. Помала реализација на капиталните расходи има поради тоа што имаме расписано постапки за реконструкција на дел од улиците 29 Ноевври и Панко Брашнаров, изградба на детко игралиште во н.Стопанство и Модернизација на централното подрачје во Градско кои шти се уште се во реализација.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Завршната сметка на Буџетот на општина Градско за 2023 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Завршната сметка на Буџетот на општина Градско за 2023 година.

*3.Програма за измена на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Тања Димова од Урбан Проектинг. Како што знаете иницијативата за се одобри во јули 2023 година, првично беше внесена во годишната програма со примарната намена Г1 согласно законот за урбанистичко планирање. Имаме промена на насловот но не се менува ниту типот на самиот план ниту целите и барањата на инвеститорите. Имаме 24 објекти кои што се со намена производство на енергија и тешка и незагадувачка индустрија по имотен лист број 65 и имаме еден објект кој што е трафостаница. Бидејќи имаме објекти кои што се со повеќе намени насловот се менува во повеќе наменски стопански комплекс. Сето тоа го има образложено во самата иницијатива, имаме студија на оправданост. По регулирање на имотните односи би се задржала намента на трафостаницата за приклучок на планираните фотоволтајци и мал дел би имало лесна и незагадувачка индустрија. Потребата за овој наслов се јавува поради тоа што има повеќе намени и во постоечка и во ново планирана состојба. Причината поради која што се јавува Г1.2 намена е тоа што согласно закон за градежно земјиште намената на постоечките објекти со намената на планот мора да биде иста за да можат да си го купат земјиштето. Тоа е првата фаза што би се случила, потоа во понатамошна фаза би се направиле проекти за препарцелација и повторно би дошле на усвојување од страна на советот. Би се оставиле магацински објекти и објекти кои би имале административно деловен карактер, другите објекти би се отстраниле но кога ќе се решат имотно правните односи, односно кога ќе го купат инвеститорите земјиштето. Мора така да одат редоследно процедурите.

Јованче Стојанов- дали ова на скицата се постоечките објекти.

Тања Димова- да, тоа се постоечките објекти.

Јованче Стојанов- го споредив образложението од првичната иницијатива, сега има додадено намена Г2, дали поради тоа се менува насловот во мултинаменски.

Тања Димова- првично има Е 1.8 тоа е постоечката трафостаницата и Г1.2 се сите останати објекти Г2 е лесна и незагадовачка индустрија.

Јованче Стојанов- што спаѓа под лесна и незагадувачка индустрија, што се планира.

Тања Димова- тоа е општата намена на Г2, после оваа фаза ќе има урбанистички проекти и таму се прецизира што конкретно ќе биде.

Јованче Стојанов- до инвеститорот, Ве прашавме за гаранција, ако сега не смета може да ни дадите гаранија дека ќе нема тешка загадувачка индустрија.

Александар Билбилов(инвеститор)- во ред, овој процес за нас е потребен за да го откупиме земјиштето за да добиеме градежна дозвола, сега е потребно во оваа форма да аплицираме, законот вели какви се објектите таква мора да биде намената за да може да се откупи земјиштето. Ќе има фотоволтаици и еден дел е оставен за магацин, административни згради, кујна и сл. Тие објекти кои имаат намена тешка индустрија сите ќе се рушат.

Јованче Стојанов- по 6-7 месеци се почнува одново со процедурата за откуп на земјиштето, а рековте дека при крај на годината ќе биде во завршна фаза.

Тања Димова- не, првично се почнува со иницијатива до општината, потоа се процедури што се надвор од општината по надлежните институции, поради тоа има временска разлика.

Александар Билбилов- шест месеци сме напред, но не сме таму какде што сакавме да бидиме. Од сите институции имаме позитивно мислење, следи ревизија и јавна расправа па одобрување на планот и откуп на земјиштето. Отстранувањето на објектите мора да го направиме согласно закон и со одобрение од општината.

Сеат Сулковиќ- рековте дека ќе има само фотоволтаици, сега е преименувано во тешка индустрија, нема да гласаме за тоа.

Александар Билбилов- насловот на планот е само за да може да се откупи земјиштето.

Сеат Сулковиќ- тоа се само игри, зошто не донестовте некаква гаранција.

Александар Билбилов- си стои целта на планот, инвестицијата е исклучиво за фотоволтаици и ништо друго. Нашата цел е регистрацијата на компанијата кој ќе произведува енергија да биде во Градско и сите даноци да се плаќаат тука. Долгорочно планираме да бидиме дел од Градско. Намената е Е 1.13 фотоволтаици и ништо друго, зградите се во добра состојба и можат да се искористат за канцеларии.

Сеат Сулковиќ- зошто толкави згради за канцеларии.

Александар Билбилов- може да се изнајмуваат на компании кои работат со компјутери, МЕПСО не обврза по одобрување на планот да пристапиме кон приклучување на трафостаницата за да ја стават повторно во мрежата. Кажете што е потребно да се даде од наша страна.

Мирјана Ѓорѓиева- писмена гаранција.

Александар Билбилов- во ред, ќе Ви биде доставена гаранција и изјава за намера.

Тања Димова- Вие како совет ја контролирате работата, овој план ќе треба да помине на совет уште 2-3 пати, законската регулатива е таква. Сега е фаза на предлог програма, ќе има јавна расправа, ќе следи согласност од Ваша страна на предлог план, потоа МТВ дава согласност на конечен предлог план и повторно Ви давате согласност на конечниот предлог план, Вие ја почнувате и Вие ја завршувате постапката.

Јованче Стојанов- нека пратат гаранција.

Боне Спасовски- ние да изгласаме, кога ќе стаса гаранијата ќе ни кажат на наредна седница на совет.

Киро Нацков- ова е почетна фаза, во наредните фази ќе биде видливо, а во последната фаза Вие одлучувате. Сега може само да се закочи процесот. За една иницијатива да помине поминува низ советот неколку пати.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за измена на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за измена на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2024 година.

*4.Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2024 година.

*5.Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници во ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Ванчо Цветков- нема измени во однос на бодот, треба да помине на Управен одбор и на совет.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници во ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници во ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.

*6.Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно техничкиот персонал во ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 36од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно техничкиот персонал во ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно техничкиот персонал во ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.

*7.Одлука за давање согласност на Статутот на ЈКП „Клепа“ Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Ванчо Цветков- мораше да донесиме измени. Статутот е од 2023 година и некои точки не беа опфатени. Помина на Управен одбор, треба да помине и на совет. Се проширува дејноста на КЈП Клепа, најважно е 96.03- погребални и слични дејности. ЈКП Комуналец има таква дејност, а ЈКП Клепа нема, но поради тоа што Ѓорѓи Самандов ќе оди во пензија мора да се види како ќе се изведе целата постапка.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Статутот на ЈКП „Клепа“ Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Статутот на ЈКП „Клепа“ Градско.

*8.Одлука за утврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборните плакати без надоместок со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања-учесници во Претседателските и Парламентарните избори 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборните плакати без надоместок со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања-учесници во Претседателските и Парламентарните избори 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборните плакати без надоместок со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања-учесници во Претседателските и Парламентарните избори 2024 година.

*9.Разгледувања на барања и поднесоци*

-нема

*10.Разно*

Мирјана Ѓорѓиева- на предходната седница имаше барање од советникот Боне Спасовски градоначалникот да поднесе барање до Вардар Биопроцес да го објаснат процесот дали загадуваат или не. Денеска имаме преставници од Вардар Беопроцес.

Боне Спасовски- сакаме да ни го објасните процесот дали централата испушта амонијак, граѓаните реанираат на миризбата, објаснете ни како работи.

Благоја Тужароски- биогасните централи не се ништо ново, можеби е ново во општина Градско. Тоа е еколошки, произвдуваме зелена енергија не загадуваме но Вас Ве интересира миризбата. Тука со нас е нашиот биолог и тој ќе го објасни процесот.

Александар Димовскаи (биолог)- наједноставно објаснување е исто како едно големо животно, го храниш со силажа, тоа произведува метан, метанот оди во моторот и согорува. Сите нус производи што се јавуваат централите ги преработуваат во нештетни материи, односно хумус кој е 100% органиски, тој поминува низ сите потребни анализи. Се што излегува од биогасната централа може да се користи за најскапите земјоделски производи што се добиваат, а со тоа се намалува користењето на вештачките ѓубрива. Ова не загадува ниту вода ниту почва. Принципот е многу едноставен, влегува силажа, арско ѓубре, внатре има температура и се случува метано генеза, при процесот на распад испушта метан и продолжува во моторот, тоа се е во затворен простор, оди во посебен филтер, метанот оди во моторот таму согорува, врти турбина и создава струја.

Благоја Тужароски како суровина користиме органски отпад, силажа, добиваме органско ѓубре кое го аплицираме на почвите кои ги користиме за да не користиме вештачко ѓубре. Не е штетно за природата туку едноставно преставува како филтер на природата.

Александар Димовскаи- тоа органско ѓубре ја подобрува структурата на земјата.

Боне Спасовски- јас сум земјоделец и го знам тоа користам органски ѓубрива, но граѓаните ги интересира миризбата што се испушта дали е тоа штетно по животот на граѓаните.

Александар Димовски- нема никаква штета, мириса кога го носиме со камионите.

Гоце Крстовски- ѓубрето од кокошките го носиме и го ставаме за најмногу за половина час, не ни одговара да стои подолг период, ако го оставиме така ние губиме. Мирисот е за тој половина час. Секој што сака може да дојде да го види целиот процес, не е никаков проблем, дојдоа и луѓе од Стопанството.

Благоја Тужароски- метанот е заштитен не се испушта надвор, имаме добиено и дозвола од МЖСПП, проблем може да има недај боже доколку се случи некоја хаварија.

Тоше Петревски- која година ја имате добиено дозволата за градење.

Благоја Тужароски- елаборатот за животна средина го имаме средината на 2020 година.

Гоце Крстовски- крајна е општината, предходно се поминува низ повеќе филтри, ги собираме сите дозволи што ни се потребни и крајно е во општината. Ни можеме да доставиме документација до општината ако немаме елаборат од животна средина. Врз основа на сите тие добиени дозволи се носи одлука дали ќе се даде одобрение или не.

Гоце Крстовски- се е во прилог на општината, ние не ги делиме луѓето по партиска или етничка пропадност, тука сме за доброто на сите граѓани.

Благоја Тужароски- се сметаме за коректна и сериозна фирма, ако сметате дека треба да не посетите слободно може да се прганизирате и да дојдите да го видите самиот процес. Секој што сака да дојде слободно организирајте група на граѓани, отворени сме за соработка.

Боне Спасовски- до градоначалникот и директорот на ЈКП барам на некоја од нередните седници да се стави точка на дневе ред за депонијата, да се дислоцира на друга локација.

Јованче Стојанов- треба да се најде локација.

Ванчо Цветков- треба да се размислува за друга опција. Постојано се пали и ставаме земја, можеби за 2-3 години ќе се наполни таа дупка и нема да може да се става земја. Проблем со депониите имаат многу општини. За да се најде нова локација не е едноставно, треба дозвола од министерство. Овие депонии ќе згаснат, ќе има регионални депонии, ние спаѓаме кон Валандово.

Боне Спасовски- имате работено кај школото во Виничани, требало на друг начин тоа да се изведе. Една улица во Виничани се уште не е осветлена.

Ванчо Цветков- осветлувањето не е надлежност на ЈКП.

Боне Спасовски- кога ќе се направи чешмата во Виничани.

Ванчо Цветков- почнавме со работа, се расипа машината, ќе се среди.

Боне Спасовски- пред 8-9 месеци барав да се реагира за десната страна од мостот кај Ногаевци, патот е однесен, ако не се превземе нешто реката Вардар ќе однесе 20ха плодна земја.

Тоше Петревски- нели уредувањето на речното корито е на Водостопанство.

Јованче Стојанов- кога вадеа песок никој тогаш не реагираше.

Боне Спасовски- тоа е пред 10 години , кога ваделе песок не ставиле појас.

Коро Нацков- да заклучиме, пред 10 години кекој дозволил да се вади песок и го смениле текот на реката. Кој е твојот предлог, до каде да се реагира.

Боне Спасовски- да се стават 20-30 камиони камен, да се побара од ЦУК.

Јованче Стојанов- тоа е убаво што бараш за Виничани, зошто не крена рака за буџетот да прашаш има пари или нема. Во Уланци, Кочилари, Долно Градско ништо не е направено. Кој не сака да направи но треба да се праша дали може дали има средства.

Боне Спасовски- јас барам и за Градско не само за Виничани.

Слободан Бошков- негово е да побара, а дали може ќе се види.

Боде Спасовски- во врска со депонијата, ако се реши ќе биде поен за директорот. Сето ова што го кажуваме овде е од допрен глас од граѓаните, тие реагираат.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 31-та седница во 17:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева